Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на конвенцијата која се однесува на забрана и итно дејствување за елиминирање на најлошите видови на детски труд.

Минуваме на 68 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на работните животни кои се користат за експериментални и други научни цели, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенцијаза заштита на 'рбетните животни кои се користат за експериментални и други научни цели.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 6е пратеници, 2 воздржани, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 65 пратеници, 1 воздржан, и 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман по членот 1.

Отворам претрес по амандманот по член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

По правило тоа е во доменот на Министерството за екологија.

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 84 пратеници, 68 гласаа за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Европската конвенција за заштита на р'бетните животни кои се користат за експериментални и други научни цели.

Минуваме на 6е точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот за менување на Европската конвенција за заштита на р'бетниците кои се користат за експериментални и други научни цели, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за ратификација на протоколот за менување на Европската конвенција за заштита на 'рбетниците кои се користат за експериментални и други научни цели.

Ве молам да гласаме.

Од присутните 84 пратеници, 62 гласаа за, 1 воздржан, и 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од присутните 7е пратеници, 62 гласаа за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Никој).

**АСЛАН СЕЛМАНИ**:

Почитуван потпретседателе, мислам дека овие ваши и наши заеднички заклучоци не се меродавни затоа што во салата има 54 пратеници.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам службите да ги пребројат пратениците. Меѓутоа тоа што го имаме овде не кореспондира со тоа што го изнесе колегата Аслан Селмани.

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Ги молам службите нека ги повикаат пратениците. Ни недостига уште 1 пратеник во салата. Колегата бил во право и му *се* извинувам.

Се исполнија условите. Сега имаме доволен број пратеници за да можеме да работиме.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 75 пратеници, 65 гласаа за, 1 воздржан и 3 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на протоколот за менување на Европската конвенција за заштита на 'рбетниците кои се користат за експериментални и други наужни цели.

Минуваме на 70 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Вториот протокол на Хашката конвенција од 1954 година, за заштита на културни добра во случај на вооружен судир, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Вториот протокол на Хашката конвенција од 1954 година, за заштита на културни добра во случај на вооружен судир.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 75 пратеници, 66 гласаа за, воздржан нема, и 3 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлог на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 75 пратеници, 65 гласаа за, 4 против, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2. Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУХАМЕД ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на законот.

Дали друг бара збор?

(Никој).

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласамд.

Од присутни 74 пратеници, 60 гласаа за, 1 воздржан и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Вториот протокол на Хашката конвенција од 1954 година, за заштита на културни добра во случај на вооружен судир.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Минуваме на точката 71 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за превоз на патници и стока, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за превоз на патници и стока.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 75 пратеници, 55 пратеник гласале за, 1 воздржано и 4 пратеници против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 76 пратеници, 61 пратеник гласале за, 1 воздржано и 4 пратеници против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Од 76 присутни пратеници, 54 гласале за, и воздржани...

Се извинувам, ќе мораме да го повториме гласањето и ги молам пратениците да седат на своите места. Нема потреба непотребно да излегуваат, затоа што меѓувреме го губиме кворумот, заради еден или двајца пратеници.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата, затоа што немаме кворум за работа, ќе бидеме принудени да привршиме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Продолжуваме со работа бидејќи имаме кворум.

Молам да го ловториме гласањето по Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 62 гласале за, 1 се воздржал и 3 пратеника се против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за превоз на патници и стока.

Минуваме на точката 72 - Предлог за донесување на закон за ратификација на конвенцијата на Обединетите нации за борба против опустинувањето на земјите што се соочуваат со сериозни суши или опустинување, особено во Африка, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на конвенцијата на Обединетите нации за борба против опустинувањето на земјите што се соочуваат со сериозни суши или опустинување, особено во Африка.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 6е пратеници, 64 пратеник гласале за, 1 воздржано и 4 пратеници против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници, 58 пратеник гласале за, воздржани нема и 4 пратеници против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУХАМЕД ХАЛИМИ:**

Не сум претставник на Владата, бидејќи не сум овластен, за да бидам претставник на Владата треба да бидам овластен од Владата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас мислам дека имаме претставник од Владата, бидејќи се работи за ратификација на документи меѓу две држави и мислам дека сте овластени.

**МУХАМЕД ХАЛИМИ:**

Да, меѓутоа кога се работи материјално тоа не е во наш домен. Ако вие сметате дека сум претставник тогаш во ред, амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Од 74 присутни пратеници, 66 гласале за, воздржан 1 пратеник и 7 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на конвенцијата на Обединетите нации за борба против опустинувањето на земјите што се соочуваат со сериозни суши или опустинување, особено во Африка.

Минуваме на точка 73 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Мултилатералната спогодба за комерцијални права за нередовен воздушен сообраќај во Европа, со Предлог на закон

Бидејќи е заклучен претресот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Мултилатералната спогодба за комерцијални права за нередовен воздушен сообраќај во Европа.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 67 пратеници, 62 пратеника гласале за, 1 воздржан и 4 пратеници против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 70 пратеници, 64 пратеник гласале за, 1 воздржан и 5 пратеници против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодаво-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отварам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУХАМЕД ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на заменикот министер Мухамед Халими, и тој е составен дел на законот.

Прдолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутените...

Ве молам, сега не ни достасува кворум.

Да се повтори гласањето.

Предлогот на законот го ставаме на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 75 присутни пратеници, 68 гласале за, воздржани 4 пратеници и 3 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на конвенцијата на Мултилатералната спогодба за комерцијални права за нередовен воздушен сообраќај во Европа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Минуваме на точка 74 - Предлог за донесување на закон за ратифкација на Конвенцијата за безбедноста на персоналот на Обединетите Нации и на сродниот персонал, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за безбедноста на персоналот на Обединетите Нации и на сродниот персонал.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 72 пратеници, 64 гласаа за, 4 се воздржаа и 4 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Прелдогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Ве молам да се повтори гласањето, бидејќи имаме кворум, а овде кажува нешто друго.

Предлогот го ставам повторно на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 67 пратеници, 62 гласаа за, 1 се воздржа, 4 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 71 пратеник, 66 гласаа за, 1 се воздржаа и 4 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за безбедноста на персоналот на Обединетите Нации и на сродниот персонал.

Минуваме на точка 75 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за известување за странско пра-во, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот аз донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за известување на странско право.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 67 пратеници, 64 гласаа за, 1 се воздржа, 2 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме.

Од присутни 6е пратеници, 65 гласаа за, воздржани нема, 4 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Од присутни 68, 67 гласаа за, 1 се воздржа, ниту еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на европската конвенција за известувње за странско право.

Седумдесет и шеста точка Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Европската конвенција за известување за странско право, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Европската конвенција за известување за странско право.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 66, 63 гласаа за, 1 се воздржа, 2 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Прелдогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 65, 62 гласаа за, 1 се воздржа, 2 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Прелдогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејби никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман по член 3.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман по член 3 став 1.

Отворам претрес по амаднманот на член 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на заменикот министер.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 3 став 1, поднесен од Комисијата за надворешна полилтика.

Со тој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на заменикот министер Мухамед Халили, и тој е составен дел на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тек-стот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 64, 62 гласааа за, 1 се воздржа, 1 е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Европската конвенција за известување за странско право.

Седумдесет и седма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесуввање на Законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сове-тот на министри на Босна и Херцеговина за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 67, 64 гласа за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 67, 65 гласа за, 1 се воздржа, 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се

претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Прелдогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници, 66 гласале за, 1 се воздржа и 1 е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Седумдесет и осма точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за примена на гаранциите во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје со предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот на закон за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за примена на гаранциите во врска со Договорот за не ширење на нуклеарно оружје.

Ве молам да гласаме.

*Оп* присутни 66 63 гласаа за, 2 воздржани, 1 против. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 66 пратнеици, 60 гласаа за, 3 воздржани, 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ке мораме да го повториме гласашето бидејќи сега ни недостасуваат пратеници.

Ги молам службите нека ги викнат пратениците да седнат, или можеби некој од пратениците присутни не гласал.

Ве молам повторно да гласаме.

Предлогот го ставам на гласање.

Од вкупно 67, 61 за, 3 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за примена на гаранциите во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје.

Седумдесет и девета точка  Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Маќедонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување.

Ве молам да гласаме.

Од 67 пристуни пратеници, 63 гласаа за, 2 воздржани, 2 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 6 е пратнеици, 66 гласаа за, 2 воздржани и 1 против

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 64, 62 гласаа за, 2 воздржани, ниту еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификаација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување.

Осумдесетта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација за Спогодобата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија, за соработка во областа на здравството и медицинските науки, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на Законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратифиакција на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Вла-дата на Република Албанија за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници, 63 гласаа за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собрнаието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, 61 гласаа за, 1 се воздржа, 3 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Педлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 67 пратеници, 63 гласаа за, 2 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратифккација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**: (Продолжение)

Минуваме на точката 81 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандманот на Договорот за заштита на лилјаците во Европа, со Предлог на закон.

Бидејки е заклучен претресот по предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Амандманот на Договорот за заштита на лилјаците во Европа.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Ве молам да стиснете на едно од копчињата за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека имаме доволен број на пратеници за да продолжиме со работа.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

63 пратеници гласале за, 2 воздржани 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласал за, 2 воздржани, 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласал за, 2 воздржани, 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Амандманот на Договорот за заштита на лилјаците во Европа.

Минуваме на точката 82 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, донесен во Пекинг 1999 година, со Предлог на закон.

Бидејки е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Амандманто кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка донесен во Пекинг 1999 година.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласале за , 3 воздржани, 3 против. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласале за, 2 воздржани, 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве молам да гласаме?

59 пратеници гласале за, 3 воздржани, 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Амандманто кон Монтреалскито протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, донесен во Пекинг 1999 година.

Имаме предлог да се вратиме на точката 27 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.

продолжуваме со општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор Јани Макрадули .

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници од Владата, минатиот пат кога се водеше општата расправа по овој Закон се поставија две дилеми, односно дали во исто време да се употребуваат и легитимацијата и електронската картичка. И втората е рокот до кога ќе важи едното, или другото. Денеска заменикот министер за финансии претставен во ликот и делото на Чедомир Краљевски нуди еден амандман кој не ги решава овие дилеми и не кажува ништо попрецизно од кога ќе важи едното, или другото. Мислам дека имаше неколку предлози овој Закон да се доработи и да се повлече, или да се даде некое поконкретно решение и тоа не само од нашата пратеничка група, туку имаше и неколку други пратеници што го кажуваа истото. Така можеме да се доведеме во една ситуација да се купи некоја опрема која нема да се користи, или пак ќе се вложат некои средства кои не ќе знаеме каде да отидат. Беше напоменато дека овој закон , овие измени и дополнувања се предложени во октомври 2001 година. Предлогот за буџетот ние го добивме во декември, а таму немаше

предвидено средства за еден ваков крупен проект. За разлика од тоа дека нема јасна визија како во Министерството за здравство, така и во Владата за информатичкиот развој на нашата држава се покажува и тоа дека во рамки на парите од продажбата на Телекомот постои еден проект за информатизација и информатичка опрема во Министерството за здравство за изработка на еден информационен систем и незнам каде биле тие визионери кога го правеле тој систем да не предвидат дека претстои една неминовност, а тоа е употребата на електронската картичка и во здравството. Така ќе се судриме со неколку апсурди и контрадикции кои заменикот министер за финансии не може да ни ги објасни од проста причина што како што нагласи во првичната расправа по сите овие група на закони дека нас ни треба еден единствен закон и една единствена регулатива. Ние се обидуваме во неколку закони да додадеме по една реченица, или две и со тоа мислиме дека ќе ги задоволиме општите директиви што постојат од Европската Унија.

Сега се поставува дилемата како да се надмине сето ова. Значи, дали ќе се користи или електронската картичка, или легитимацијата и од кога ќе почне сето тоа да важи. Но, може да важи само едното, бидејки не може човек да одбира дали ќе користи или легитимација, или картичка, а со тоа да биде доказ дали тој го платил придонесот за здравственото осигурување. Така што мислам дека ова е еден обид на брзина да се поправи нешто за повеќе дилеми што беа искажани од повеќе пратеници овде. Мислам дека треба една подлабока обработка и една анализа, а не тука да се расфрлуваме со некои цифри дека од прилика 5 милиони евра ќе не чини сето ова. Врз база на кои параметри се предложени тие, во колку места треба да се инсталира тоа , во глобални рамки која опрема и каква ќе се користи. Јас ја сваќам немоќта на заменикот министер за финансии да ги покрива сите области. Затоа се бараше минатиот пат и министерот за здравство да биде присутен тука. Читам во стенографскита белешки дека се заложи заменикот министер дека ќе се обиде да биде присутен и претставник од Министерството за здравство овде. Иста една дискусија што зборував минатиот пат дека за сета оваа работа поврзана со електронската трговија каде што спаѓа и електронската картичка нас ни треба една единствена агенција формирана од Владата која ќе се грижи за сето ова, што ќе ги издава и сертификатите, која ќе се грижи за криптирањето, која ќе *се* грижи за сета информатичка технологија што треба да се примени овде. Затоа сега нас ни се случува да се обидуваме да решаваме некои работи набрзина, да останат недоречени и сега некој човек до 2003 година ќе си одбира дали ќе користи , или нема да користи електронска картичка и тоа може д аоди во недоглед, а во буџетот за 2003 година , бидејки овде нема средства ќе се купи опрема во огромен број и не ќе знаеме ни каде ќе оди , ни каде ќе се примени.

Затоа мислам дека овој амандман што го предлага Владата не ги опфаќа оние две дилеми што се појавија минатиот пат на паралелната употраба и на рокот од кога ќе важи, само една од нив, односно бидејки се прилагодуваме кон економските директиви, само алектронската картичка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави заменикот на министерот за финансии Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Јас би повторил одредени работи што пред малку ги кажав, дека со преминувањето кон електронското тргување ја наметнува потребата и соодветна промена и во Законот за здравствено осигурување заради што и се предлага измена на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување каде што по зборот "легитимација" се додаваат зборовите или картичка за здравствено осигурување".

Јас ќе повторам, бидејки се работи за еден голем проект и потребно е подолго вреМе за припрема на здравствената картичка, а исто така потребни се големи финансиски средства за овој проект, а се планира дека за овој проект веќе има одредени средства обезбедени од донации и ќе бидат обезбедени средства со буџетот за идната година. И затоа се предлага примената да почне во 2003 година и реков во претходната дискусија дека се предвидуваат цифра 5 милиони евра за овој проект. Ќе повторам, со ова се створа само правна рамка, односно основа за примена на законот во 2003 година. Додека содржината, формата, начинот и

нејзиното издавање и користење ќе се уредат со подзаконски акти. Мислам дека Собранието, односно пратениците можат да го изгласаат законот затоа што сметам година дена за припрема на овој проект се доволни за да може реално, навремено и добра припрема да се направи за да може картичката да има примена во 2003 година.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на заменикот министер .

За збор се јави Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Бидејки заменикот министер за финансии се повтори, ќе Се повторам и јас. Значи , бидејки овој предлог за измени и дополнувања на Законот е даден во октомври, а буџетот е даден во декември, не гледам зошто не се предвидени тие јаки финансиски средства во буџетот за 2002 година.

И втора работа, како ќе се применува оваа електронска картичка од 1.01.2003, а опремата ќе ја купуваме на 2.01.2003 година. Не ја разбирам логиката.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави Магдалена Антова.

**МАГДАЛЕНА АНТОВА:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници и почитувнаи претставници на Валдата, јас предложив еден предлог амандман кој временски ќе го детерминира и кој претпоставувам дека ќе биде на разгледување заедно со новиот предлог амандман. Меѓутоа, имам една забелешка, навистина жалам што не се присутни претставниците од Министерството за здравство. Во образложението мислам дека успеавме на извесен начин да не го забележиме, во образложението за целите за донесување на законот стои нешто што не би требало да стои и не смее да стои според Уставот , тоа дека со воведување и на картичката за здравствено осигурување врз основа на која осигурените лица ќе ги остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување. Значи, само скратените права од задолжителното здравствено осигурување. Таква дискриминација во однос на остварување на правата за здравствено осигурување мислам дека не треба да стоат во образложението и ова треба да се корегира од претставниците на Министерството за здравство, а не од финансии. Таа што во образложението овој дел мислам дека не може да стои и дека треба да се корегира прво алтернативниот дел , значи во законските, подзаконските акти да стои дека здравствената картичка електронска ќе биде единствена и ќе важи за сите видови на здравствена заштита, не само за задолжителна здравствена заштита.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас мислам дека денеска добро работевме, можеби се изморивме. Овде има уште пријавени за дискусија. Јас предлагам вечерва да ја прекинеме седницата и утре да продолжиме со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,20 часот).